ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ГЕО БАЛКАН УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ
бр. 03-149/1
29.08 20 25 год.
Битола

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Архивски број: 03 - 10184/1 -
Датум: 29 -08- 2025

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги –
изработка на геодетски елаборати и вештачења
(изготвување вештачења од областа на геодезијата)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано по овластување од министерот за финансии, од д-р Андриана Матлиоска, државен секретар, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за Геодетски работи, трговија и услуги ГЕО БАЛКАН увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.„Питу Гули", бр.47 Б, Битола, претставувано од Борче Стојановски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуги –изготвување вештачења од областа на геодезијата за потребите на Министерството за финансии, а по спроведената постапка за набавка од мала вредност по оглас бр.12053/2025.

Составен дел на овој договор е понудата на носителот на набавката дадена како Прилог 1 кон Договорот и техничките спецификации за изготвување вештачења дадени како Прилог 2 кон Договорот.

Услугите-предмет на договорот ќе се извршуваат сукцесивно, согласно искажаните потреби и по претходно барање на договорниот орган, а во рокот определен со секое посебно барање, во кое ќе бидат содржани конкретните спецификации за бараната услуга.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Максималната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 60.000,00 денари.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност во износ од 10.800,00денари .

Максималната вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 70.800,00 денари.

Единечните цени се дадени во понудата на носителот на набавката дадена како прилог 1 кон договорот.

Договорниот орган нема обврска да го искористи максималниот износ од став 1 на овој член, односно при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи во зависност од потребите на договорниот орган.

Трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем, не се вклучени во единечните цени и тие дополнително се фактурираат од страна на носителот на набавката за што во прилог на фактурата треба да достави доказ за извршено плаќање.

Со договорот не се предвидува корекција на цените, односно цените ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

Вкупната максимална вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, при што истата не смее да ја надмине максималната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност.

## III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Договорот е со важност од 12 месеци сметано од денот на потпишување од двете договорни страни или до негово вредносно исполнување, во зависност од тоа што прво ќе настане.

## IV.РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 4

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите -предмет на овој договор согласно техничките спецификации од тендерската документација, Законот за катастар на недвижности и прописите донесени врз основа на истиот, Правилникот за геодетски работи за посебни намени и други важечки позитивни законски прописи како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка.

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите сукцесивно, врз основа на писмено барање (нарачка) од договорниот орган, во рок не подолг од 30 календарски денови од денот на прием на нарачката за вештачењата.

Нарачките ќе се вршат во зависност од потребите на договорниот орган кој не се обврзува да ги искористи и нарача во целост предвидените средства за услугите - предмет на овој Договор.

Вештачењата треба да бидат изготвени во 3 (три) оригинални заверени примероци во хартиена форма и во електронска форма.

## V.РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Плаќањето ќе се врши во рок до 30 календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата за извршени услуги во писарницата на Министерствотот за финансии.

Во прилог кон фактурата носителот на набавката доставува копија од вештачењето.

Задолжително во прилог кон фактурата се доставуваат и докази за извршените плаќања за трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем согласно Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката се обврзува да го извршува предметот на договорот, во се според техничките спецификации.

Член 7

Носителот на набавката ќе го извршува предметот на договорот сукцесивно, според искажани потреби на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен на договорниот орган да му доставува фактура и копија од вештачењето, а согласно цените прифатени од страна на договорниот орган и дадени во Прилогот 1 кој е составен дел на овој Договор.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 8

Договорниот орган се обврзува барањето за извршување на услугата да го доставува до носителот на набавката во писмена форма во вид на нарачка, при што тоа треба задолжително да ги содржи потребните податоци и спецификации за бараната услуга.

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето на носителот на набавката ќе го врши во рокот од членот 5 на овој договор.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 9

За секој ден доцнење во поглед на извршувањето на услугата по приемот на нарачката, носителот на набавката се обврзува на договорниот орган да му плати казна во висина од 0,5% дневно со максимум 10% од вредноста на нарачката.

Обврската за исплата на казната од став 1 на овој член носителот на набавката е должен да ја вкалкулира, т.е. одбие од вкупната вредност на договорот за онолку дена колку што имало доцнење во извршувањето на услугата.

Вкупната договорна казна не може да надмине 10% од износот во член 2 став 3 на овој договор.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

Член 11

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 14

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорни страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 16

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 17

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 18

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 19

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје

По овластување од
министерот за финансии

Државен секретар
д-р Андријана Матлиоска

Носител на набавката:
Друштво за Геодетски работи, трговија и услуги ГЕО БАЛКАН увоз-извоз ДООЕЛ Битола

Управител
Борче Стојановски

Изработил: Даниела Донова Ризов/Панче Чоневски
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски

Прилог 1 кон Договорот

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 12053/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Изработка на геодетски елаборати и вештачења, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Друштво за геодетски работи, трговија и услуги ГЕО БАЛКАН увоз-извоз ДООЕЛ Битола

I.2. Контакт информации

- Адреса: ПИТУ ГУЛИ 47 Б
- Телефон:047 229-911
- Факс: 047 229-911
- Е-пошта: geo_balkan@yahoo.com
- Лице за контакт: Борче Стојановски

I.3. Одговорно лице: Борче Стојановски

I.4. Даночен број: 4002009515450

I.5. Матичен број: 6528805

I.6 Жиро сметка:500-0000-006-510-91

I.7 Банка Депонент:Стопанска Банка АД Битола

**Елементи на понудата**

- Документ за регистрирана дејност

- Изјава за сериозност

- Техничка понуда

- Финансиска понуда

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

## II. ТЕХНИЧКА ПОНУДА

II.1. Согласни сме да ви ја понудиме услугата која е предмет на набавката во се според барањата дефинирани во техничките спецификации и другите услуги утврдени во тендерската документација.

**Понудените цени за награда за извршено вештачење мора да бидат исклучиво во согласност со Правилникот за начинот на пресметување на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење и надоместокот за реално потребните трошоци (Службен весник на РМ бр.102/14). Притоа, искажаните цени треба да бидат во согласност со опсегот од Тарифникот, во зависност од вредноста на предметот.**
**Сите дополнителни трошоци кои ќе настанат при релизација на услугата, а кои се наведени во споменатиот Правилник, како и трошоците за користење на информациониот систем на Агенцијата за катастар, ќе се пресметуваат во фазата на реализација на услуга, а во за висност на конкретниот предмет и истите ќе се искажуваат посебно во фактурата.**

II.2. Се согласуваме со начинот, местото и рокот на извршување на услугата утврден во тендерската документација.

II.3. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда е со важност од 120 денови сметано од датумот утврден како краен рок за поднесување на понуди.

**НАПОМЕНА: Економскиот оператор ја потпишува со валиден дигитален сертификат и прикачува техничката понуда во моментот на поднесување на понудата како дел од целокупната документација.**
**Недоставувањето техничка понуда е основ за отфрлање на понудата.**

## Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 12053/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Изработка на геодетски елаборати и вештачења, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

# Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71319000 -7 | Изготвување на вешти наоди и мислења - средна парчина вредност на предметот на вештачење (100.001 до 1.000.000 денари) | Парче | 1,00 | 8.001,00 | 8.001,00 | 1.440,18 | 9.441,18 |
| 71319000 -7 | Изготвување на вешти наоди и мислења - мала парична вредност на предметот на вештачење (до 100.000 денари) | Парче | 1,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | 900,00 | 5.900,00 |
| 71319000 -7 | Изготвување на вешти наоди и мислења - голема парична вредност на предметот на вештачење (над 1.000.001 денари) | Парче | 1,00 | 11.001,00 | 11.001,00 | 1.980,18 | 12.981,18 |
| 71319000 -7 | ВРЕДНОСТ НА РАБОТЕН ЧАС ЗА УВИД ИЛИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИЦЕ МЕСТО ОДНОСНО РАБОТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА (Награда во денари без ДДВ) | Парче | 1,00 | 300,00 | 300,00 | 54,00 | 354,00 |
| 71319000 -7 | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА КАДЕ ШТО Е СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ | Парче | 1,00 | 900,00 | 900,00 | 162,00 | 1.062,00 |
| 71319000 -7 | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ ДО 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | 216,00 | 1.416,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71319000 -7 | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ НАД 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | 216,00 | 1.416,00 |
| 71319000 -7 | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА КАДЕ ШТО Е СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ ВО СЛУЧАЈ КОГА ИСТАТА Е ОДЛОЖЕНА ОДНОСНО ПРЕЗАКАЖАНА | Парче | 1,00 | 900,00 | 900,00 | 162,00 | 1.062,00 |
| 71319000 -7 | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ ДО 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИСТАТА Е ОДЛОЖЕНА ОДНОСНО ПРЕЗАКАЖАНА | Парче | 1,00 | 1.200,00 | 1.200,00 | 216,00 | 1.416,00 |
| 71319000 -7 | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ НАД 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИСТАТА Е ОДЛОЖЕНА ОДНОСНО ПРЕЗАКАЖАНА | Парче | 1,00 | 600,00 | 600,00 | 108,00 | 708,00 |
| | | | | **Вкупно** | 30.302,00 ден | 5.454,36 ден | 35.756,36 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **30.302,00** (**триесет илјади триста и два**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **5.454,36** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Прилог 2 кон Договорот

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Предмет на јавната набавка е набавка на услуги за изработка на геодетски елаборати и вештачења.

## Изготвување вештачења од областа на геодезијата

Услугите се однесуваат на изготвување вештачења од областа на геодезијата, како и на изготвување стручни наоди и мислења од областа на геодезијата за судски и други постапки по барање на договорниот орган во согласност за Законот за вештачење (Службен весник на РСМ бр.145/23) согласно потребите на договорниот орган на цела територија на РСМ.

Набавката ќе се извршува сукцесивно според тековните потреби на договорниот орган и договорниот орган не е обврзан да ја искористи максималната вредност на договорот, која е утврдена согласно проценетата вредност на јавната набавка.

Изготвувањето вештачења од областа на геодезијата ќе се врши по барање на договорниот орган во рок определен со секое посебно барање.

| 1. | Од областа на Геодезијата | Количина |
|---|---|---|
| 1.1 | **Изготвување на вешти наоди и мислења**<br>- мала парична вредност на предметот на вештачење (до 100.000 денари)<br>- ниска сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење до 20 страни<br>- кратко потребно време за прибирање на податоци и изработка на вештачењето, односно мал број на денови за изработка, до 5 дена | 1 |
| 1.2 | **Изготвување на вешти наоди и мислења**<br>- средна парчина вредност на предметот на вештачење (100.001 до 1.000.000 денари)<br>- средна сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење до 21 до 50 страни<br>- средно потребно време за прибирање на податоци и изработка на вештачењето односно среден број денови за изработка, од 6-15 дена | 1 |
| 1.3 | **Изготвување на вешти наоди и мислења**<br>- голема парчина вредност на предметот на вештачење (над 1.000.001 денари) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | - висока сложеност на вештачењето односно анализа на докуметација вклучувајќи и наод и мислење над 50 страни<br>- долго потребно време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно поголем број денови за изработка над 15 дена | |
| 2. | ВРЕДНОСТ НА РАБОТЕН ЧАС ЗА УВИД ИЛИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИЦЕ МЕСТО ОДНОСНО РАБОТА ВО ЛАБОРАТОРИЈА | 1 |
| 3. | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА КАДЕ ШТО Е СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ | |
| 4. | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ ДО 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА | 1 |
| 5. | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ НАД 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА | 1 |
| 6. | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА КАДЕ ШТО Е СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ ВО СЛУЧАЈ КОГА ИСТАТА Е ОДЛОЖЕНА ОДНОСНО ПРЕЗАКАЖАНА | 1 |
| 7. | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ ДО 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИСТАТА Е ОДЛОЖЕНА ОДНОСНО ПРЕЗАКАЖАНА | 1 |
| 8. | ПРИСУСТВО НА ГЛАВНА РАСПРАВА НАДВОР ОД СЕДИШТЕТО НА ВЕШТАКОТ И ОДДАЛЕЧЕНОСТ НАД 50КМ ВО ЕДНА НАСОКА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИСТАТА Е ОДЛОЖЕНА ОДНОСНО ПРЕЗАКАЖАНА | 1 |

Понудените цени за награда за извршено вештачење мора да бидат исклучиво во согласност со Правилникот за начинот на пресметување на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење и надоместокот за реално потребните трошоци (Службен весник на РМ бр.102/14). Притоа, искажаните цени треба да бидат во согласност со опсегот од Тарифникот, во зависност од вредноста на предметот.
Сите дополнителни трошоци кои ќе настанат при релизација на услугата, а кои се наведени во споменатиот Правилник, како и трошоците за користење на информациониот систем на Агенцијата за катастар, ќе се пресметуваат во фазата на реализација на услуга, а во зависност од конкретниот предмет и истите ќе се искажуваат посебно во фактурата.

НАПОМЕНА: Договорниот орган го задржува правото да не ги набави сите наведени услуги.
Набавката на услугите ќе се извршува сукцесивно, согласно искажаните потреби и по претходно барање на договорниот орган, а во рокот определен со секое посебно барање, во кое ќе бидат содржани конкретните спецификации за бараната услуга.

Единечните цени во понудата ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи во

зависност од потребите на договорниот орган. Договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.